РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-810/5
29-04-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 31 – та седница одржана на ден 22.04.2026 година донесе:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-810/1 од 17.02.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-810/1 од 17.02.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-810/1 од 17.02.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на ________________ по престанок на функцијата член на совет на ___________________.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека _________________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанок на функцијата член на совет на _______________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето _______________ и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-810/3 од 02.03.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 06.03.2026 година. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б, помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор